Ана Палашевска е родена 24.02.1980 година во Скопје, каде завршува основно и средно образование. На Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје се запишува во учебната 2001/02 година (сточарска насока) каде дипломира во 2006 година.

По дипломирањето во 2007 година се вработува во ЈНУ Институтот за сточарство во Скопје, како Виш лаборант, и работи во Центарот за сточарство при УКИМ Институт за сточарство и рибарство – Скопје.

Во 2007 година реализира студиски престој во Народна Република Кина, каде што се здобива со сертификат за успешно завршена работилница за Земјоделството и сточарството на земји во развој.

Непосредно била вклучена во секретаријатот на Меѓународниот симпозиум за сточарство во 2007, 2009, 2012 и 2017 година во Скопје, чиј организатор е Институтот за сточарство, како и во секретаријатот на списанието Macedonian Journal Of Animal Science, чиј издавач е Институтот за сточарство. Исто така, е и член во Организациониот одбор за одбележување на Јубилејот 65 години од основањето на Институтот за сточарство.

Во учебната 2019/20 година се запишува на последипломски студии во УКИМ Институт за сточарство - Скопје на студиска програма сточарство. На 07.08.2024 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Состојба, трендови и перспективи за производство на месо од говеда“, со што се стекнала со академски назив магистер по сточарство.

Во текот на изминатиот период активно учествува во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на Институтот. Како коавтор се јавува на 16 публикувани научни и стручни трудови. Учествувала во реализација на 1 научно-истражувачки проект одобрен од Министерство за образование и наука, 5 проекти одобрени од Министерство за животна средина и просторно планирање, како и 2 проекти одобрени од УКИМ. Воедно, активно учествува во реализација на апликативни активности за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна, односно Водење матично книговодство и селекција (дел говедарство и коњарство и дел овчарство и козарство) и Заштита на биолошката разновидност во сточарството (дел говедарство и коњарство и дел овчарство и козарство).